Бр./Nr 12-60/6
17-08-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37- седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-60/1 од 02.01.2026 година, оформен по пријава против директорот на ООУ ----------- ------------ општина ---------- --------- со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба**, СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-60/1 од 02.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 02.01.2026 година, доставена е пријава против директорот на ООУ ----------- ----------- општина ---------- ----------, и оформен е предмет број 12-60/1 од 02.01.2026 година. Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување како и несовесно вршење на функцијата Директор. Во пријавата е наведено дека директорот на предметното училиште донел одлука за намалување на додаток на плата заради тешки услови при работа од втора во трета категорија без јасно и транспарентно образложение како и без официјална писмена одлука доставена до наставниот кадар во училиштето.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ и Државниот инспекторат за труд на РСМ и побара истите да постапат во рамките на своите законски надлежности и да спроведат надзор над

предметните наводи, како и да достават Записник/Извештај од истиот со известување за евентуално преземени мерки од нивна надлежност.

Државниот просветен инспекторат на РСМ извести дека веќе постапиле по однос на добиена анонимна пријава која што ги содржела истите пријавени наводи и истата ја доставиле на надлежност на Државнот инспекторат за труд, од причина што пријавата содржела наводи кои се однесувале прекршување на одредбите од Законот за работните односи.

Државниот инспекторат за труд извести дека на ден 18.03.2026 година бил извршен вонреден инспекциски надзор над предметното училиште. Од страна на државниот инспектор за труд бил изготвен Записник со број ИП1 бр. -- - -- од --.-.------ година во кој било констатирано следното:
Во ООУ ----------- ------------ општина --------- ---------- во моментот на надзорот имало евидентирано вкупно 44 лица со заснован работен однос и истите биле распоредени во централното училиште во с. ---------- и уште 5 подрачни училишта. Работодавачот на работниците во централното училиште како и во другите 5 подрачни училишта им пресметувал и им исплаќал додаток на плата заради потешки услови при работа (за работа во ридско - планински подрачја).
По извршениот увид во презентираната документација било констатирано дека во месец јануари 2025 година на вработените лица им биле пресметани и исплатени додатоци на плата заради потешки услови при работа ( за работа во ридско – планински подрачја) со коефициент за училишта од втора категорија. Од месец февруари 2025 година додатокот на плата по однос на погоре наведените услови бил заменет со коефициент за училишта од трета категорија и истиот се пресметувал и исплаќал по коефициент за училишта од трета категорија само за месеците февруари, март и април 2025 година, додека од месец мај 2025 година се пресметувал и исплаќал додаток на плата по коефициент за училишта од втора категорија.
Работодавачот при менувањето на износот на додаток на плата заради потешки услови при работа немал донесено Одлука или било друг акт за намалување на додаток на плата за потешки услови за работа.
Според Колективниот договор за основното образование на РМ во член 40 е предвидено дека коефициентот на работниците од соодветната група или подгрупа од член 35 се зголемува ако работникот работи во ридско - планински подрачја. Категоризацијата на училиштата во прва, втора или трета категорија од ридско планински подрачја се вршела според акт кој го носел Министерот за образование и наука. За предметното училиште не постоел изготвен акт од страна на министерот иако истото се имало обратено до општината со цел да се изврши потребната категоризаија според која ќе се исплаќал додаток на плата.
Врз основа на така утврдената фактичка состојба и согласно член 95 од Законот за општа управна постапка, државните инспектори за труд ја прекинале постапката до моментот на изготвување акт од страна на Министерот за образование и наука. Се известува дека

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

постапувањето за предметниот случај од страна на Државниот инспектор за труд ќе продолжи во моментот кога предметното училиште ќе го добие актот изготвен од Министерството за образование и наука во насока на решавање на ова прашање со цел да се утврди категоризација на предметното училиште согласно член 40 од Колективниот договор за основното образование за кое што Државната комисија ќе биде дополнително известена.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија во тек е постапка пред друг надлежен орган, по што оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup